# ЛОКАЛНА МЛАДИНСКА СТРАТЕГИЈА ЗА ОПШТИНА ДЕБАР
# 2012 - 2016

**Дебар, Р. Македонија**

**Декември, 2011**

**Содржина**


1. **Листа на кратенки..........................................................................................2**
2. **Вовед.........................................................................................................3**
3. **Анализа на состојба.....................................................................................4**

   ***3.1. Квалитет на живеење .............................................................................6***

   ***3.2. Младинско учество...................................................................................8***

   ***3.3. Невработеност.........................................................................................11***

4. **Краток преглед...........................................................................................15**
5. **Цел на стратегијата......................................................................................15**
6. **Приоритети..................................................................................................15**

   ***6.1. Приоритет Квалитет на живеење..........................................................15***

   ***6.2. Приоритет  Младинско учество.............................................................16***

   ***6.3. Приоритет  Невработеност.....................................................................17***

7. **Акционен план............................................................................................19**
8. **Процес на мониторинг и евалуација..........................................................28**
9. **Листа на членови на координативно тело и работна група....................................29**

## 1. Листа на кратенки

**СЕГА** – Коалиција на младински организации СЕГА
**РМ** – Република Македонија
**SDC** - Swiss Agency for Development and Cooperation (Швајцарска Агенција за развој и соработка)
**ЛМС** – Локална Младинска Стратегија
**АП** – Акционен план
**КТ** – Координативно тело
**РГ** – Работна Група
**НВО** – Невладина организација
**ЛЕР** – Локален Економски Развој
**АМС** – Агенција за Млади и Спорт
**НСМ** – Национална стратегија за млади
**ЕЛС** – Единици на Локална самоуправа
**МИЦ** – Младински информативен центар
**АВ** – Агенција за вработување

## 2. Вовед

Коалицијата на младински организации СЕГА е невладина и непрофитна организација која работи на развивање и примена на младински политики во РМ, ги поврзува и јакне младите со цел подобрување на нивната општа состојба.

Во периодот од март до декември 2011 Коалиција СЕГА го имплементираше проектот "Креирање локални Младински Стратегии". Проектот е финансиран од програмата CIVICA MOBILITAS (спроведувана од Центарот за Институционален Развој и е финансирана од SDC) и 3 општини од Република Македонија (Неготино, Велес и Дебар). Целта на овој проект е креирање на 5 годишна ЛМС за Општина Дебар и 1 годишен АП за првата година од имплементацијата на стратегијата.

Процесот на креирање на ЛМС се одвиваше низ 4 фази на активности и тоа:

**Фаза I:** Формирање на работни тела за креирање на ЛМС

Со цел успешно имплементирање на проектните активности во рамките на проектот Креирање на Локални Младински Стратегии беа креирани две работни тела: Координативно Тело и Работна група за креирање на стратегијата.
Координативното тело (КТ) беше составено од 5 членови (Локалниот Координатор на проектот за креирање на ЛМС, Член на Советот на Општина Дебар, членови на општинската администрација и еден претставник од НВО). Координативното тело беше задолжено да ги координира и да ги насочува активностите во рамките проектот. Членовите на КТ имаа две средби во периодот на спроведување на проектот, на првиот состанок КТ ја разгледа драфт верзијата на ЛМС и ги даде своите коментари со цел подобрување на квалитетот на стратегијата. На втората средба на КТ му беше претставена финалната верзија на ЛМС и АП кои што по нивното усвојување беа испратени до Советот на Општина Дебар за усвојување.
Работна група е работно тело одговорно за практично изготвување на Локалната Младинска Стратегија (ЛМС). Работната група беше составена од повеќе млади луѓе од различни профили: претставници на Локална Самоуправа, претставници од младински НВОи, средношколци и студенти.

**Фаза II:** Истражување и креирање на анализа на ставови на младите во Општина Дебар по однос на младинските потреби

Со цел успешно адресирање на младинските потреби во Општина Дебар а при недостиг на соодветни и релевантни податоци за потребите на младите во Општина Дебар во рамките на проектот "Креирање на локални младински стратегии" беше организиран процес на истражување на младинските потреби на локално ниво.

На почеток од процесот на истражување беше организирана фокус група која што за цел имаше утврдување на приоритетите на младите луѓе од Општина Дебар. На оваа фокус група од страна на учесниците како три најважни приоритети беа потенцирани:

- Квалитет на живеење
- Младинско учество
- Невработеност

Следствено на оваа прва фокус група беше спроведено теренско истражување на 80 испитаници од територијата на Општина Дебар. Целта на ова истражување беше да се опфати поголема целна група, репрезентатитвен примерок, и со тоа подлабоко да се истражат потребите на младите кои живеат во Општина Дебар. Прибраните податоци преку теренското истражување понатаму служеа како основа за изготвување на анализа за потребите на младите од Општина Дебар.

Врз основа на прибраните податоци преку фокус групата и теренското истражување, група од експерти изготви: “Анализа на ставовите на младите во Општина Дебар по однос на младинските потреби” и истата ја испрати до сите учесници во акивностите од проектот.

**Фаза III:** Креирање на ЛМС

Врз основа на наодите од “Анализата на ставовите на младите во Општина Дебар по однос на младинските потреби” работната група започна да ја креира ЛМС со сите нејзини составни делови (цели, специфични цели и стратегии). Во оваа фаза работната група одржа 3 состаноци на кои што ја приготви ЛМС и истата ја даде на разгледување и усвојување кај КТ.

**Фаза IV:** Креирање на АП

Следна фаза по изготвувањето на ЛМС беше изготвување на АП за првата година од имплементацијата на стратегијата. Во фазата на приготвување на АП беа одржани 2 состаноци на работната група на кои членовите работеа на припрема на активностите кои што би требало да се реализираат во првата година од имплементацијата на ЛМС. Со завршувањето на АП беше комплетиран целиот документ и како таков беше приложен до КТ да го разгледа, да даде свое мислење и коментари за истиот и на крајот да го усвои по што овој документ беше доставен до Советот на Општина Дебар на разгледување и усвојување.

## 3. Анализа на состојба

Со цел фокусирање на најприоритетните проблеми за младите во Дебар преку реализација на фокус група се селектираа приоритети на кои понатаму ќе се однесуваат стратегиите. Приоритетите за Дебар беа квалитет на живеење, учество на младите и невработеност. За детектирање на состојбата во овие приоритети се реализираше анкета со репрезентативен примерок од млади луѓе на возраст од 15 – 29 години.
Истражувањето покажа дека е потребен редовен проток на информации до младите за тие да осознаат каква е состојбата во приоритетните сфери и да можат да делуваат. Делумно младите се задоволни со квалитетот на живеење, но останува клучно да им се создадат можности како да бидат повеќе информирани и како да го збогатат квалитетот на својот живот со нови актуелни содржини. Невработеноста е горчлив проблем и останува битно понатаму да се активира Агенцијата за вработување и локалните институции со цел да им излезат во пресрет на младите при наоѓањето можности за вработување. По однос на младинското учество останува клучно да се работи на подигнување на свеста кај младите и важноста од нивно учество во донесувањето одлуки. Во таа насока ја издвојуваме потребата од воспоставување младинско тело во рамки на општината.

**Методологија на истражувањето**

Дефинираните цели на истражувањето за подготовка на локалните младински стратегии се:

- Да се добијат појдовни показатели за досегашната состојба со младинските потреби во целните општини преку користење на досегашни спроведени истражувања
- Да се дефинираат приоритетни области во секоја од наведените општини кои ќе бидат предмет на понатамошно длабинско истражување
- Да се презентираат веродостојни показатели за младинските потреби за секоја од целните општини и да се дадат препораки за постапување

За да се постигнат наведените цели беше подготвена сеопфатна методологија која понуди прибирање на податоци од повеќе извори за секоја општина. Во тој контекст истражувањето се фокусираше на:

- Утврдување приоритетни проблеми во областа
- Причините за појава на проблемите кои постојат во приоритетните области
- Причините за слаба ефективност и ефикасност на одговорните институции при разрешување на проблемите
- Ниво на младински активизам за разрешување на проблемите во целната општина
- Познавања кај младите за нивните права и начинот на нивно остварување во контекст на утврдените приоритети

Со цел да се дефинираат најзагрозените сфери во кои проблемите на младите се најизразени во секоја општина се одржа по една фокус група со 10 – 15 учесници. Преку реализацијата на фокус групата присутните засегнати страни на основа на своите сознанија, како и на сумираните сознанија од досегашни спроведени истражувања за младинските потреби во нивната општина дискутираа кои области се приоритетни и избираа две до три сфери кои ги сметаат за најзагрозени и за кои имаат реални очекувања за подобрувања кои ќе можат да се видат во наредните пет години.
Истражувачите на база на добиените информациии од фокус групите за приоритетите во секоја општина и на база на претходно сумираните податоци од поранешни истражувања за потребите на младите во дадените општини изготвија анкетни прашалници. Обучени анкетари во секој град ја спроведуваа анкетата. Прашалниците се пополнуваа директно од младите. Беа реализирани вкупно 383 прашалници.

**Примерок на истражувањето**

<u>Фокус група</u>
За формирање на фокус групата која имаше за цел да се дефинираат приоритетни области за делување се користеше намерен примерок. При тоа составот на фокус групата вклучуваше:

- претставници од локални младински организации, политички подмладоци, претставници на средношколски и студентски заедници и сојузи
- советник од локалната администрација кој работи на младинската проблематика
- советници во советот на општината
- претставници од рурални места во склоп на општината
- претставници од локални институции (школи, болници, центри за социјална работа, домови на култура)

Дополнителни критериуми при изборот на учесниците во фокус групата беа:

- соодветна полова застапеност
- возраст
- етнички баланс соодветен на структурата во општината
- граѓански статус

Реализација на анкета

Во секоја од вклучените општини се селектираше соодветен примерок на млади луѓе на возраст од 15 – 29 години кои пополнија прашалници. Примерокот беше селектиран според податоците од пописот на населението од 2002 година. Бројот на млади луѓе во секоја општина кои учествуваа во анкетата се одреди соодветно на вкупниот број млади на возраст од 15 – 29 години во таа општина. Во рамки на примерокот пропорционално се применија критериумите на полова, етничка и возрасна стуктура, граѓански статус и застапеност на млади од рурални и урбани места во состав на општините. На ваков начин се обезбеди максимална репрезентативност имајќи ги во предвид финансиите, достапноста на информации според бараните критериуми и достапноста на едниците во примерокот.

За Дебар структурата на примерокот изгледаше вака:

Табела 1 – Структура на примерок за општина Дебар
(вкупно испитаници 80)

| Возрасна група | Пол | | Етничка припадност | | | | | | | | Место на живеење | | Степен на образование | | | | | | Работен статус | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | Македонец/ка | Албанец/ка | Тучин/ка | Ром/ка | Влав/Влаинка | Србин/ка | Бошњак/ка | Друго | Град | Село | Завршено основно | Завршено средно | Завршено високо | Магистер | Средно во тек | Високо во тек | Ученик/ Студент | Вработен | Невработен |
| 15-19 | 23 | 16 | 9 | 28 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 38 | 2 | 6 | 18 | 0 | 0 | 15 | 1 | 35 | 0 | 5 |
| 20-24 | 11 | 7 | 3 | 13 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 18 | 1 | 0 | 9 | 3 | 0 | 4 | 3 | 9 | 4 | 5 |
| 25-29 | 7 | 8 | 2 | 11 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 13 | 2 | 0 | 3 | 8 | 1 | 0 | 3 | 1 | 7 | 7 |
| **Вкупно:** | **41** | **32** | **14** | **52** | **6** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2** | **69** | **5** | **6** | **30** | **11** | **1** | **19** | **7** | **45** | **11** | **17** |
| | **73*** | | **74*** | | | | | | | | **74*** | | **74*** | | | | | | **73*** | | |

*број на испитаници кои одговориле на конкретното прашање

## Анализа на наодите според приоритетни области

### *3.1 Квалитет на живеење*

Младите во Дебар слободното време го поминуваат главно во спортски активности, со друштво во кафулиња и пред телевизор. За овие опции се определуваат 69% од испитаниците. Машките за разлика од девојчињата во поголем број времето го поминуваат во спортски активности, додека девојките во поголем број се ангажираат во НВОи. Според возраст, младите од возрасната група од 15 – 19 години, значи воглавно средношколци,

слободното време го поминуваат во спортски активности и по кафулиња со друштво. Младите од возрасната група 25 – 29 години во најголем дел се ангажираат во НВОи.




По однос на постоечките културни и спортски објекти кои им се достапни на младите, 61% од младите сметаат дека ги има во доволен број. По однос на понудата на културни содржини за млади, испитаниците се прилично поделени во мислењата. Имено, најголем дел 47,5% делумно се задоволни од понудените содржини додека подеднаков дел по 26% воопшто не се задоволни, односно потполно се задоволни од понудата. Понатаму според возрасни групи најнезадоволни се младите од возрасната група 15 – 29 години години, додека според етничка припадност најголем дел од Албанците не се задоволни од понудата.

Младите луѓе сметаат дека најчесто и најдобро може да ги изразат своите креативни идеи преку социјалните мрежи. За оваа опција најчесто се определуваат младите од возрасните групи од 15 – 24 години. Како следна опција младите сметаат дека своите креативни идеи можат да ги изразуваат преку НВОите. Исто така подеднаков дел млади сметаат дека своите идеи можат да ги изразат на училиште/факултет и во кругот на пријателите.
Во Дебар културните манифестации најчесто ги организираат училиштата и факултетите, а потоа следуваат културните институции. Испитаниците во најголем дел не знаат дали младите имаат пари да посетуваат културни манифестации, додека 31% пак сметаат дека младите немаат пари да посетуваат културни манифестации.
50% од испитаниците сметаат дека младите во Дебар се многу заинтересирани да се занимаваат со спорт и во тој контекст говорат и погорните податоци според кои младите во еден поголем дел своето слободно време изјавуваат дека го поминуваат во спортски активности. Исто така 61% од испитаниците изјавуваат дека условите за занимавање со спорт можат да се подобрат, што укажува дека сепак постојат основни услови кои ги мотивираат младите да се занимаваат со спорт.

61% од испитаниците не членуваат во здружение на граѓани, додека 76% не членуваат во политичка партија. Овој податок покажува дека малку поголем дел од младите членуваат во здруженија на граѓани што кореспондира со погорните податоци според кои испитаниците како трета опција каде го поминуваат слободното време ги избираат НВОите. Од друга страна 45% од испитаниците волонтирале досега, иако генерално нивниот став по однос на волонтирањето е дека младите во градот многу ретко волонтираат односно понекогаш волонтираат.

45% од младите не се информирани дали во нивната општина се оддвојуваат доволно средства за реализација на младинските идеи. Ова укажува дека младите во Дебар многу малку се активно вклучени во барањето средства за реализација на своите идеи. На прашањето што можат да направат училиштата и факултетите за да им овозможат на младите континуирано изразување на нивните идеи, 54% од испитаниците сметаат дека тие треба да организираат културни и спортски настани и размени со цел да го поттикнат креативниот дух кај младите. По однос на тоа што може да направи локалната самоуправа за младите, скоро подеднаков дел испитаници се определуваат за три понудени опции т.е. дека треба да ги вклучи младите во работата на општината, да создава и одржува услови за културно – забавен живот на младите и да ја поддржува младинската работа и волонтерството. 44% од испитаниците сметаат дека младите за да го подобрат својот живот во општината треба да се организираат преку своите организации и да побараат поголема финансиска поддршка за младинските иницијативи.

### *3.2 Младинско учество*

36% од испитаниците сметаат дека младите во Дебар не се застапени во локалните институции и не се вклучени во донесувањето на одлуки, додека скоро подеднаков дел испитаници сметаат дека младите се застапени во локалните институции но не се вклучени во одлучувањето, односно не знаат дали и колку младите се вклучени. Ова укажува на прилично поделени мислења, што пак само ја потврдува слабата информираност на испитаниците околу младинското учество во Дебар. Како главна причина за слабата вклученост е немањето доверба кај возрасните за да ги вклучат младите во донесувањето на одлуки, а исто така како можна причина испитаниците ја наведуваат и слабата организираност на младите. Во тој контест 56% изјавиле дека не се информирани дали постојат некакви младински тела во локалната самоуправа, а исто така 84% не биле никогаш вклучени во донесување на некоја одлука на локално ниво.

**Младите во вашата општина:**




На прашањето каде е најбитна и најпотребна вклученоста на младите испитаниците најголема важност даваат на локалните институции, потоа следуваат училиштето и општинската администрација.

32,5% од испитаниците сметаат дека на младите им е потребна едукација за младинско учество бидејќи многу малку знаат за учеството. Други 42,5% сметаат дека можеби им е потребна едукација бидејќи секогаш има нешто ново да се научи. Односно, 75% укажуваат на потребата од едукација за младинско учество. По однос на едукацијата на возрасните 41% сметаат дека е потребна едукација бидејќи возрасните многу малку знаат за учеството, додека 27,5% не знаат дали им треба едукација.

**Дали на младите во вашата општина им е потребна едукцаија за младинско учество?**




**Дали на возрасните во локалните институции им е потребна едукација за младинско учество?**



37,5% од испитаниците сметаат дека младите би требало да се организираат и да побараат поголема вклученост, додека 25% сметаат дека младите треба да предлагаат решенија за своите проблеми до локалната самоуправа. Од ова е евидентно дека за младите е поважно да обезбедат учество директно во одлучувањето отколку индиректно да влијаат на одлуките.

### *3.3 Невработеност*

Од 80 испитаници вклучени во анкетата, 64 млади луѓе или 80% се невработени. Од тие кои изјавиле дека не се вработени 14 безуспешно бараат работа, додека 6 не бараат работа. 16 од испитаниците се вработени, додека 47 се во категорија ученици или студенти. Најголем број од вработените се на возраст од 25-29 години, при тоа скоро подеднаков број испитаници во оваа група се и невработени. Во другите две возрасни групи поголем дел од испитаниците се невработени најверојатно бидејќи се вклучени во образовниот процес.

Кога би имале можност да бираат што да работат 35% од испитаниците сакаат да имаат сопствен бизнис, додека 27,5% сакаат да работат во државна институција. Во однос на типот на работа кој би го обавувале, 39% од младите преферираат постојана работа, додека 21% би сакале да работат сезонска работа. Според пол и машките и женските преферираат повеќе постојана работа. Според возраст, возрасната група од 15 – 29 години немаат посебни преференции во однос на типот на работа, додека во останатите две возрасни групи во најголем дел преферираат постојана работа. Младите на возраст од 15-19 години се најмногу заинтересирани за сопствен бизнис, додека пак испитаниците од возрасната група од 25 – 29 години преферираат да работат во државна институција. Според пол, и девојките и машките скоро подеднакво се определуваат помеѓу сопствен бизнис и државна институција.

**Ако имате можност да бирате, каде би сакале да работите?**



**Каков тип на работа преферираш да работиш во моментов?**




Како главна причина за невработеноста на младите луѓе во Дебар според 32,5% од испитаниците е отсуството на локална политика за економски развој (поттикнување на инвестиции и отворање на мали и средни бизниси), додека 31% ја потенцираат неангажираноста на Агенцијата за вработување.

**Според вас, главна причина за невработеноста на младите луѓе во вашата општина е:**




За 27 млади луѓе, роднините и пријателите се најчест извор за можности за вработување, додека за 25 испитаници огласите во весниците се најчест извор на информирање. Од оние

млади луѓе кои бараат работа, во последните 12 месеци, информации најчесто барале во Агенцијата за вработување. Редовното следење на слободните работни места не значи дека лесно се доаѓа до работно место. 39% од испитаниците сметаат дека квалификациите се пресудни за да се добие работа, но исто така 29% од испитаниците сметаат дека најлесно може да се добие вработување ако си член на политичка партија или ако имаш роднински и пријателски врски (22,5%).

41% од испитаниците сметаат дека општината треба да е главен носител на активностите за зголемување на вработеноста во Дебар, а потоа следува Агенцијата за вработување за која се определуваат 36%. Овој податок до некаде не кореспондира со наодот според кој како втора главна причина за невработеноста на младите луѓе се посочува неангажираноста на Агенцијата за вработување. Останатите фактори како што се локалните бизниси и младите луѓе во помала мера според анкетираните треба да бидат носители на активности за зголемување на вработеноста.

Од оние испитаници кои не се во образовниот процес најголемиот дел ја посетуваат Агенцијата за вработување (34%). Ако се знае дека основната функција на оваа институција е да посредува при вработување и да има евиденција на невработените лица, се поставува прашањето зошто нема напредок во вработувањето на младите, кога тие речиси редовно ја посетуваат оваа институција ја перцепираат како носител на активностите за вработување, колкав е капацитетот на оваа институција и дали треба да се преземат мерки со цел зајакнување на Агенцијата.

Оние испитаници пак кои ја избрале општината како главен носител тоа го направиле затоа што, локалната самоуправа треба да се грижи за нивната иднина, а тоа се младите и затоа што секоја општинска администрација пред да дојде на власт ветува отварање на нови работни места. Сепак, дури 41% од анкетираните не знаат што прави општината за да го поттикне вработувањето во Дебар. 32% сметаат дека општината е активна на ова поле преку кампањи и посебен сектор за младинско вработување. 22,5% велат дека општината не прави ништо.

**Што во моментов превзема општинската администрација за да го поттикне вработувањето на младите луѓе во вашата општина?**




Според 29% од анкетираните, општината има голема одговорност во координирањето на активностите за вработување, а  за 34% општината треба да се ангажира во испитувањето какви професии и струки се потреби на пазарот на трудот.
Доквалификацијата е битен елемент на активностите за зголемување на вработеноста, бидејќи според 51% од испитаниците младите кои излегуваат од образовните институции се делумно подготвени да се вклучат на пазарот на работна сила. 30% од анкетираните сметаат дека младите се сосема подготвени кога ќе излезат од образовните институции да се вклучат во пазарот на работна сила.

Една од причините за делумната подготвеност на младите да се вклучат во пазарот на труд е делумната и/или непостоечката соработка помеѓу образовните институции и претпријатијата. Ова е мислење на 35% од испитаниците, додека 29% од младите немаат информација дали воопшто постои соработка помеѓу овие актери.

Улогата на НВОи според 45% од анкетираните во зголемувањето на вработеноста е што понекогаш организациите спроведуваат активности кои го поттикнуваат вработувањето, додека за 24% од младите луѓе НВОи воопшто не спроведуваат такви иницијативи.

42,5% од испитаниците сметаат дека НВОи треба да ги информираат младите за можностите за изведување практична работа кај одредени работодавачи, додека 32,5 сметаат дека НВОи организираат едукативни работилници за подготовка на апликации за вработување, како и подготовка за интервјуа.

## 4. Краток преглед

Во периодот од  март до ноември 2011, Коалиција СЕГА започна да го спроведува проектот “Креирање локални Младински Стратегии”. Проектот е финансиран од програмата CIVICA MOBILITAS (спроведувана од Центарот за Институционален Развој и е финансирана од SDC) и општина Дебар. Проектот на локално ниво беше фасилитиран од страна на Центарот за одржлив развој на заедницата - Дебар.

Целта на овој проект е креирање на 5 годишна ЛМС за Општина Дебар и 1 годишен АП за првата година од имплементацијата на стратегијата.
Целта на ЛМС  е подобрување на општата состојба на животот на младите луѓе во Општина Дебар.
Статегијата се состои од два клучни дела: пет годишна стратегија и едно годишен акционен план, кои треба да придонесат кон остварување на целта на стратегијата.  Двата документи содржат активности за подобрување на животот на младите во три приоритетни области кои што беа одредени од засегнатите страни во општина Дебар (претставници на ЛС, НВО секторот, средношколци, студенти, претставници на институциите од областа на образованието, социјалната политика, политиките на вработување и др.).
Со стратегијата се опфатени следниве области:

- **Квалитет на живеење**
- **Младинско учество**
- **Невработеност**

Во секоја од приоритетните области во стратегијата е определена целта на конкретната приоритетна област, специфичните цели за приоритетната област и стратегии за постигнување на специфичните цели.
Во АП се прикажани конкретните активности кои што треба да се превземаат во делот на приоритетните области во првата година од имплементацијата на ЛМС што за цел има остварување на целите предвидени со стратегијата.

Стратегијата е производ на повеќе видови на истражување (фокус групи, анкетни прашалници итн.) во кои беа вклучени сите засегнати страни во општина Дебар. Целта на ваквиот пристап при креирањето на стратегијата беше да се добие реалната слика за проблемите со кој младите се соочуваат, како и да понуди ефективни решенија за надминување и подобрување на нивниот статус во општсетвото.

## 5. Цел на стратегијата

Целта на  ЛМС е: Подобрување на општата состојба на младите луѓе во Општина Дебар.

## 6. Приоритети

### 6.1 Приоритет:  *Квалитет на живеење*

**Цел на приоритетот 1:** Подобрување на квалитетот на живеење на младите преку развој на културниот, спортскиот  и социјалниот живот.

**Специфична цел 1.1** Активно учество на младите во организирање на јавниот живот

**Стратегија 1.1.1** Зголемување на бројот на културните и спортските настани за младите (календар на младински настани)

**Стратегија 1.1.2** Активизирање на постоечките младинските, културните и спортските здруженија

**Специфична цел 1.2** Поттикнување на Локалната Самоуправа за планирање и реализирање на поголем број младински активности

**Стратегија 1.2.1** Подигнување на соработката помеѓу ЛС, училиштата, Младинските здруженија, спортските клубови со цел збогатување на понудата на забавно културниот и спортскиот живот на младите.

**Стратегија 1.2.2** Поттикнување на ЛС за финансирање на младинските инцијативи и настани

**Стратегија 1.2.3** Рационално управување со постоечките капацитети

**Специфична цел 1.3** Поттикнување на ЛС за формирање на механизми за поддршка на талентираните млади

**Стратегија 1.3.1** Формирање на посебен финансиски фонд за поддршка на талентираните млади особено од дефицитарните струки

**Стратегија 1.3.2** Формирање на услови за напредување и поддршка на талентираните млади во спорт, култура итн.

**Специфична цел 1.4** Подобрување на инфраструктурата за подигнување на квалитетот на живеење на младите

**Стратегија 1.4.1** Градење на спортски полигони низ градот (**skate park, volley beach, камп за шатори на плажа, стази за трчање, базен**)

**Стратегија 1.4.2** Формирање на младински информативен центар

**Стратегија 1.4.3** Овозможување на користење на бесплатен јавен интернет (**парк, плажа, факултет, школи, шеталиште...)**

**Стратегија 1.4.4** Градење и адаптирање на објекти и поддршка на школи и иницијативи за развој на културата во разни сфери

***6.2 Приоритет:*** **Младинско учество**

**Цел на приоритетот 2.1:** Зголемување на учеството на младите во јавниот живот и одлучување на локално ниво

**Специфична цел 2.1:** Подигнување на капацитетот на младите и возрасните од институциите за младинско учество

**Стратегија 2.1.1** Подигнување на капацитетот на младите и возрасните од институциите преку обуки за запознавање на можностите за учество на младите и улогата на НВО-ите и политичките партии

**Специфична цел 2.2:** Формирање на младински тела во ЛС

**Стратегија 2.2.1:** Формирање на модели и форми за младинско учество

**Стратегија 2.2.2:** Формирање на сектор за соработка со младите за подобрување на комуникација со младите, информација и транспарентност.

**Стратегија 2.2.3**: Формирање на младински совет во рамките на ЛС

***6.3 Приоритет:*** **Невработеност**

**Цел на приоритетот 3:** Намалување на невработеноста кај младите во општина Дебар

**Специфична цел 3.1:** Креирање на бизнис клима за вработување на младите

**Стратегија 3.1.1**: Зголемување на информираноста на младите за можностите за вработување

**Стратегија 3.1.2**: Воспоставување на кариерни центри или бизнис инкубатори кои ќе им помагаат на младите да дојдат до работа

**Стратегија 3.1.3**: Промовирање на волонтерството помеѓу младите во општина Дебар

**Стратегија 3.1.4**: Подобрување на транспернтноста при вработување во ЛС и локални институции

**Стратегија 3.1.5**: Воведување механизам за Образовните институции да даваат препораки за најдобрите и талентирани млади луѓе кои ќе се земат во предвид при нивно вработување

**Стратегија 3.1.6**: Креирање на олеснителни услови за инвестиции за вработување на младите

**Специфична цел 2:** Усогласување на потребите и побарувачката од работна сила на локално ниво

**Стратегија 3.2.1:** Креирање на годишни анализи за потребите од кадри на локално ниво

**Стратегија 3.2.2:** Идентификување на дефицитарни кадри во општина Дебар

**Стратегија 3.2.3:** Спроведување на иницијатива за воведување на дефицитарните струки во задолжителното средно образование.

**Стратегија 3.2.4:** Соработка на општината со НВО секторот во делот на обезбедување на неформално образование

**Стратегија 3.2.5:** Зголемување на практичната настава во образовните институции за да младите научат повеќе и станат поконкурентни на пазарот на трудот

**Стратегија 3.2.6:** Креирање на фонд за стипендирање на студенти од дефицитарни струки.

7. **АКЦИОНЕН ПЛАН Дебар 2012**

**Приоритет 1:** ***Квалитет на живеење***

**Цел на приоритетот:** *Подобрување на квалитетот на живеење на младите преку развој на културниот, спортскиот и социјалниот живот*.

| Цели и активности | Очекуван резултат | Индикатор | Временска рамка | Одговорност |
|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел 1**<br>Поттикнување на Активно учество на младите во организирање на јавниот живот | | | | |
| **Активност 1.1**<br>Изготвување на годишен календар со младински настани (маратон, крос, трки со велосипеди, турнир во баскет, цртање графити, квиз, изложби) | Зголемен број на спортски и културни настани за младите | **Квантитативни индикатори:**<br>-Број на настани предвидени во годишниот календар<br>-Број на културни, спортски, едукативни, еколошки настани<br>-Број на учесници во настаните<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>-Вклученост на сите засегнати страни во спроведувањето на годишниот календар со младински активности | јануари - декември 2012 | ЕЛС, Средни училишта, НВО, Бизнис сектор |
| **Активност 1.2**<br>Активизирање на постоечките младински, културни и спортски здруженија во активностите кои што ќе се спроведуваат во 2012 година | Активно учество на постоечките организации во настаните во годишниот календар | **Квантитативни индикатори:**<br>-Број на организации кои учествуваат во спроведување на активностите од годишниот календар<br>-Број на настани организирани од постоечките организации | јануари - декември 2012 | ЕЛС, НВО, Спортски Клубови, Средни училишта |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Квалитативни индикатори:**<br>-Вклученост на сите засегнати здруженија во процесот | | |
| **Активност 1.3**<br>Формирање на тело за зголемување  на соработката помеѓу ЛС, училиштата, Младинските здруженија, спортските клубови | Збогатување на понудата на културно - забавниот и спортскиот живот на младите | **Квантитативни индикатори:**<br>-Број на членови во телото<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>-Претставници од локални институции се членови во телото | јануари - февруари 2012 | ЕЛС, Средни училишта, НВО, Бизнис сектор |
| **Активност 1.4**<br>Креирање на план за Рационално управување со постоечките капацитети | Рационално управување со постоечките капацитети | **Квантитативни индикатори:**<br>-Број на идентификувани можности<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>-Потпишани меморандуми помеѓу институциите во чија надлежност е управувањето со постоечките капацитети | јануари - март 2012 | ЕЛС, Средни училишта, НВО, Бизнис сектор |
| **Специфична цел 2**<br>Поттикнување на ЛС за формирање на механизми за поддршка на талентираните млади | | | | |
| **Активност 2.1**<br>Формирање на посебен финансиски фонд за поддршка на талентираните млади особено од дефицитарните струки | Зголемен број на студенти во дефицитарните струки | **Квантитативни индикатори:**<br>-Број на доделени студентски стипендии<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>-Вид на дефицитарни струки на | јануари - декември 2012 | ЕЛС, Средни училишта, Универзитети, НВО, Бизнис сектор |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | кои студираат студенти - добитници на овие стипендии | | |
| **Активност 2.2**<br>Формирање на услови за напредување и поддршка на телентираните млади во спорт, култура итн | Зголемена поддршка за талентираните млади во спортот и културата | **Квантитативни индикатори:**<br>-Број на идентификувани талентирани млади<br>-Број на понудени бенефиции<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>-Освоени награди од страна на талентираните млади | јануари - декември 2012 | ЕЛС, Средни училишта, Универзитети, НВО, Бизнис сектор |
| **Специфична цел 3**<br>Подобрување на инфраструктурата за подигнување на квалитетот на живеење на младите | | | | |
| **Активност 3.1**<br>Иницирање на идеја за Формирање на младински информативен центар | Зголемено информирање на младите во општина Дебар | **Квантитативни индикатори:**<br>-Објавување на повик за проектен концепт<br>-Број на предложени концептни идеи<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>- Вклученост на сите засегнати страни во формирањето на Младински Информативен Центар | март - април 2012 | ЛС, НВО |
| **Активност 3.2**<br>Овозможување на користење на бесплатен јавен интернет (парк, плажа, факултет, училишта, шеталиште...) | Зголемување на користење на ИТ кај младите | **Квантитативни индикатори:**<br>-Формирање на инцијативен одбор<br>- Број на компании кои учествуваат, донираат интернет | април – јуни 2012 | ЛС, НВО, Локални институции, телеком, Училишта, Факултет |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | -Број на локации со бесплатен интернет<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>-Младите го користат бесплатниот јавен интернет | | бизнис |
| **Активност 3.3**<br>Градење на полигон за мали спортови во населба Венец 2 | Збогатен квалитет на живење на младите од населба Венец 2 преку организирање на спортски активности | **Квантитативни индикатори:**<br>-Видови на игри кои можат да се играат во тој полигон (тенис, баскет, фудбал)<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>-Младите се вклучени во спортски активности | јануари – декември 2012 | ЛС, бизнис сектор |

**Приоритет 2** *Младинско учество*

**Цел на приоритетот:** Зголемување на учеството на младите во јавниот живот и одлучување на локално ниво

| Цели и активности | Очекуван резултат | Индикатор | Временска рамка | Одговорност |
|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел бр.1:** Подигнување на капацитетот на младите и возрасните од институциите за младинско учество | | | | |
| **Активност 1.1** Организирање на обуки за запознавање на можностите за учество на младите и улогата на НВО-ите и политичките партии | Зајакнување на капацитетите на младите за нивните права за учество во јавниот живот | **Квантитативни индикатори:** -Организирање на 3 обуки за млади -Учество на 50 млади на обуките **Квалитативни индикатори:** -Зголемено е учеството на младите од општина Дебар | јануари – декември 2012 | ЛС, НВО, Гимназија, Факултет |
| **Активност 1.2** Одредување на лице од општината одговорен за соработка со младите | Подобрување на комуникација со младите и зголемена транспарентност | **Квантитативни индикатори:** -Одредување на референт за млади **Квалитативни индикатори:** -Зголемена соработка со младите од општина Дебар | мај 2012 | ЛС, НВО |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност 1.3**<br>Формирање на младински совет | Подобрување на комуникација на советот и општината со младите | **Квантитативни индикатори:**<br>-Број на млади во советот<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>-Зголемено учество на младите во донесување одлуки | мај 2012 | ЛС, НВО |

***Приоритет 3:*** **Невработеност**

**Цел на приоритетот: 3** Намалување на невработеноста кај младите во општина Дебар

| Цели и активности | Очекуван резултат | Индикатор | Временска рамка | Одговорност |
|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел 1**<br>Креирање на бизнис клима за вработување на младите | | | | |
| **Активност 1.1**<br>Воспоставување на систем за информирање на младите за можностите за вработување | Зголемување на информираноста на младите за можностите за вработување | **Квантитативни индикатори:**<br>-Број на алатки за информирање<br>-Број на информации за една година<br>-Број на вклучени медиуми<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>-Зголемена информираност на младите за можностите од вработување | јануари - декември 2012 | ЛС, НВО, Бизнис сектор |
| **Активност 1.2**<br>Активирање на бизнис информативен центар во индустриска зона | Зголемување на информираноста на младите за можностите за вработување | **Квантитативни индикатори:**<br>-Број на дистрибуирани информации<br><br>**Квалитативни индикатори:** | јануари - декември 2012 | ОКВ, НВО, Бизнис сектор |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | -Сите засегнати страни се вклучени во процесот | | |
| **Активност 1.3**<br>Промовирање на волонтерството помеѓу младите во општина Дебар | Зголемување на информираноста на младите за можностите за волонтирање | **Квантитативни индикатори:**<br>-Број на реализирани промоции<br>-Број на ангажирани волонтери<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>-Зголемена соработка помеѓу младите и институциите во општина Дебар | јануари - декември 2012 | ЛС, НВО, Бизнис сектор |
| **Активност 1.4**<br>Подготвување на анализа за потребите и побарувачката од работна сила на локално ниво и за дефицитарни кадри во општината | Усогласување на потребите и побарувачката од работна сила на локално ниво | **Квантитативни индикатори:**<br>-Број на вклучени млади во подготовката на анализата за потребите и побарувачката од работна сила на локално ниво<br>-Број на вклучени организации во подготовката на анализата за потребите и побарувачката од | јануари – декември 2012 година | ЛС, НВО |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | работна сила на локално ниво<br>-Број на вклучени институции во подготовката на анализата за потребите и побарувачката од работна сила на локално ниво<br><br>**Квалитативни индикатори:**<br>-Подготвена анализа за потребите и побарувачката од работна сила во општина Дебар<br>-Подготвена анализа за дефицитарните кадри во општина Дебар | | |

## 8. Процес на Мониторинг и Евалуација

Само доколку се спроведат активностите предвидени во стратегијата може да се постигнат целите на истата а со тоа да се подобри животот и животниот стандард на младите во Општина Дебар. Со цел да може успешно да се имплементира стратегијата како и да се следи нејзината имплементација следниве неколку работи се од клучно значење:

### 8.1. Именување на службеник/референт за младински прашања во ЕЛС, отварање на сектор млади

Сосема е логично систематското адресирање на младите во една локална заедница, да бара и именување на службеник/референт или служба која би се занимавала исклучиво со младински прашања. Впечатливо е дека по она што би требало да го работи овој службеник или служба, ова работно место бара движење, контакти и врски. Тој/ таа треба да биде, и е врска помеѓу младите и локалните власти.

### 8.2. Буџет за млади

За да една ЕЛС може да спроведе ЛМС и да ги реализира активностите кои се планирани, таа мора да располага со буџетски средства за таа намена. Затоа на седницата на Советот на Општинтата, потребно е да се предвиди висината на тие средства, како и начинот на нивно распределување. Овие средства, воедно, можат да бидат доделени и на конкурс на оние НВОи или локални институции кои спроведуваат зацртан план на активности, или низ генерална поддршка за развој на младински иницијативи и младински организации во заедницата – преку конкретни проекти.

### 8.3 Формирање на градско тело за следење на ЛМС

Според воспоставувањето на позицијата на локален службеник за млади кој генерално ќе се занимава со спроведување на градската политика за млади неопходно е и формирање на градско меѓу – ресорно тело кое ќе го следи квалитетот на тоа спроведување. Потребно е да се вклучат сите организации и институции кои се активни во локалните заедници за приоритетите кои ги третира ЛМС како на пример: култура и спорт, невработеност, младинско информирање, младински активизам и иницијативи, младинско учество и волонтерство.

Една од можностите е да се формира Комисија за Млади како постојано тело на општината, која ја сочинуваат млади советници и претставници на НВОи. Комисијата би имала задача да се грижи за примената на прописите кои се однесуваат на младите, да разгледува прашања во надлежност на општината кои се однесуваат на состојбата и улогата на младите луѓе во сите области на животот и работата, учествуваат во подготовката и донесувањето на општински акти кои придонесуваат за решавање на проблемите на младите, остваруваат соработка со здруженија и други организации кои се занимаваат со младински прашања. Работата на ова тело би довело до воспоставување на подобра комуникација на релација ЕЛС – млади, едукација на младинските тела, а младите би покажале големо ангажирање во процесот на креирање на буџетот за млади преку давање предлози за висината на буџетските средства.

## 9. Листа на членови на координативното тело и работната група

Список на членови на координативно тело:

1. Шуип Марку  - локален координатор
2. Петрит Имами – Председател на совет на општина Дебар
3. Мустафа Машкули - Општина Дебар
4. Решат Ќормемети – Општина Дебар

Список на членови на работна група:

1. Шуип Марку  - локален координатор
2. Мустафа Машкули - Општина Дебар
3. Решат Ќормемети – Општина Дебар
4. Улумбије Цами - Советник-Општина Дебар
5. Арсим Кобеци – Полициска Станица-Дебар
6. Џеват Куртиши - Советник-Општина Дебар
7. Артин Спахиу – Центар За култура
8. Џемал Чупи – Центар за вработување
9. Фадрија Мустафоска – НВО Радика-Де
10. Илми Куртиши – НВО Месечина-Дебар
11. Фламур Муладаути - НВО ЦОРЗ
12. Бутринт Села – Општина Дебар
13. Рона Каба – ТВ ДИБРА
14. Едвин Муратоски – Гимназија
15. Кренаре Ологу - Гимназија
16. Меритон Доволани - Гимназија
17. Златко Љубиновски - Гимназија
18. Елита Клења – Гимназија
19. Емине Каба – медицински Центар
20. Исмаил Мерсимоски – Центар за социјални работи
21. Ардита Каја – Студент
22. Албулена – Руси Студент
23. Adhurim Kaja - Студент
24. Сеад Ибраимовски - Село Могорче
25. Милка Јосифоска-